Рисот е наш национален симбол и гордост на македонските планини. Неговиот опстанок е доведен во прашање и е во наши раце. Совеста и свеста на луѓето се главни фактори за одржување на неговата популација. Постои ли шанса за оваа голема мачка или ќе биде само уште еден загубен вид за нашата фауна?



Дали сеуште постојат "ловци" во Македонија кои би дигнале пушка на ова животно - симбол на дивината на Македонија ?

Проект за мониторинг и заштита на балканскиот рис

# РИС

## ГОЛЕМА МАЧКА СО МАЛИ ШАНСИ

Проектот за мониторинг и заштита на балканскиот рис е билатерален проект меѓу Македонија и Албанија кој е потпомогнат од организациите EURONATUR, KORA, Cat Specialist Group i NINA а спроведен од Македонското еколошко друштво - МЕД и Preservation and protection of Nature and Enviroment in Albania - PPNEA



www.mes.org.mk

## РАСПРОСТРАНУВАЊЕ И БРОЈНОСТ

Ги населува густите шуми и тешко достапните области во западна Македонија, пред се во планинскиот појас кој се протега по должина на македонско-албанската граница. Според податоците од последните неколку години, се претпоставува дека во Македонија живеат околу 35-40 единки на рисот.

## ОПИС

Долг е 80-130 см, висок околу 65 см, а тежок 12-35 килограми. Мажјаците се покрупни и за околу 25 % потешки од женките. Бојата на крзното е жолтеникаво-кафенкаста до црвенкасто-сива. Крзното е дамчесто, но постојат и примероци без дамки. Има кратка опашка, долги нозе кои се потпираат на широки шепи, краток врат, округла глава, како и триаглести уши кои на врвот завршуваат со перчиња долги и до 4 цм. Рисот има 28 заби.

На територијата на Македонија од фамилијата мачки се среќава уште дивата мачка. Таа од рисот се разликува по помалите димензии, долгата опашка и отсуството на перчиња на ушите.



▶ Карактеристична трага од шепа во снег. Должината е 6-7 см а широчината 5-6 см.

## ИСХРАНА

Пленот на рисот се состои од глодачи (главно зајаци) и ситни чепункари (диви кози и срни). Неговата исхрана варира сезонски, како што варира и достапноста на пленот.

## РАЗМНОЖУВАЊЕ

Женките достигнуваат полова зрелост на возраст од 24 месеци, а мажјаците на возраст од 30 месеци. Парењето се одвива од февруари до средината на Април. Носењето трае 67-74 дена, по што женката раѓа 1-5, а најчесто 2-3 млади. На возраст од 10 месеци младенчињата ја напуштаат мајката.

## ЕКОЛОГИЈА

Рисот е типично самотно животно, кое се среќава со други рисови единствено во сезоната на парење. Окупира голема територија (од 3 до 5 км во радиус) која што ја обележува со урина или жлездест секрет. Рисот е главно ноќно активно животно. За една ноќ може да помине 1-45 км. Животниот век му е до 17 години.

## СТАТУС

Законот за ловство (Службен весник на РМ 20/96) го одредува рисот за трајно заштитен дивеч и неговиот лов е забранет. Рисот е заштитен и со неколку меѓународни конвенции, кои се ратификувани од Република Македонија: Бернска конвенција, Директивата на Европската Унија за хабитати и видови, Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови (CITES).

## ЗАКАНИ

Рисот нема природни непријатели. Тој е изложен на најразновидни закани, кои главно произлегуваат од активностите на човекот. Посериозни закани се: криволовството, малиот репродуктивен потенцијал, малубројната популација, намалувањето на популацијата на неговиот плен и деградирањето на staништата кои тој ги населува.